едиција
дамар
књига 5

Ацо Гогов : Географија на маленкоста | Едиција : Дамар | Ликовно-графичко обликување : antolog@gmail.com | Скопје : декември 2009 |

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Скопје

821.163.3-32

ГОГОВ, Ацо
Географија на маленкоста / Ацо Гогов. – Скопје : Антолог, 2009. – 64 стр. ; 20 см. – (Едиција Дамар ; кн. 5)

ISBN 978-608-4507-17-8
COBISS.MK-ID 80691210

| Издава : „Антолог“ | ул. „Киро Димушков“ бр. 40-б, Скопје, тел. (02) 2670 379 | Жиро сметка : 300000000578738 Комерцијална банка а.д. | ЕДБ : 5030999197749 |

Ацо Гогов

# ГЕОГРАФИЈА НА МАЛЕНКОСТА

Антолог
Скопје, 2009

*ПРЕД-СЛОВО*

* * *

Треба да се пополни белината, читателу. Онаа белина која во исто време е и празнина – празен лист хартија, правоаголник на фејсбук, училишна тетратка. Онаа белина која не е ништо друго туку анкетен лист во кој ги оставаме (а што друго можеме!?) сопствените податоци. Погледни само како говорот човечки, грозен и убав, возвишен и низок, оставил траги-зборови по таа бела празнина, по тоа снежно поле. Кажи: постојам!

СЛОВА

* * *

Ти си темниот вокал во азбуката, тринаесеттиот апостол, осмиот ден во неделата. Ти си Да и Не истовремено. Ти си помодрено утро и бистра вода в планина. Ти си овој разигран говор кој самиот себеси се сложува во невешти реченици, подмет и прирок – истовремено. Те цртам со сопствената крв и со ова дишење кое не знае за граници. Ти си лична заменка, мој двојник, оној другиот во мене самиот. Ти... мој незнаен читателу.

* * *

Го испишав денот како писмо, со калиграфски букви. Ја напишав точната височина на незадоволствата, ја утврдив широчината на сопствените стравови, не заборавив да ја обележам и косината помеѓу пролетта и летото, со модро мастило ја означив оддалеченоста меѓу љубовта и омразата и, еве сум! Буквите на денот се пред мене, трајни и непроменливи. Го испратив денот напишан со краснописни букви на позната адреса – до себе.

* * *

Вкусување моркови, домати, дињи, лубеници, магданос, марули – еден прастар сок низ нашите жили струи и ги шири гранките и лисјата. Растење преку летото, за себе, во себе, невидени од другите, сопствени господари на нашата вегетација. Ние, лози кои се виеме крај ѕидовите, преку прозорците, засолнети од жегата, шумски богови, извори – растеме и течеме, течеме и растеме, се раѓаме како зборови-плодови. Измиени!

* * *

Под постелата ставивме цело едно море, древно море, неколку морски ѕвезди, една школка и еден светилник. Требаше да се испитаат заминувањата и враќањата, сомотните бранови, плачовите и поздравите кога ширта останува пуста, а на хоризонтот осамнуваме ние, како мали деца затекнати во пловидба кон сопствените води. Во постелата ставивме и неколку солени зборови – нашиот звучен брод за вечноста.

* * *

Во сонот, види чудо, зборовите се ослободени од својата тежина и се преместуваат од едно на друго место. Сонување, не во слики, ами во зборови! Мали немирковци на кои не им е доволен денот, па за себе ја земаат и ноќта. Еден од нив – да/се/коктеламе, ја има главната улога (крал од бајка?). Коктеламе: тоа е бесплатно пиење во некоја свечена пригода. „Кралот“ не постои во ниту еден речник, ама што му можеш – тука е!

* * *

Здиву, здиву, кој може да те опее тебе целиот? Ти го облекуваш – вели една атхарваведа – битието на човекот. Вдиши, издиши, повторно вдиши.... Ти си, тоа е јасно, самиот живот, но ти си и уште повеќе – самиот говор. Една воздушна река од длабочините на градите се качува угоре, во усната празнина, и во невидлива игра (заби-усни-јазик-непца) ги растркалува зборовите-мониста. Озвучен е животот. Молкот е забранет.

* * *

Духовден. Ден кога Светиот дух, вооличен во пламени јазици застанал над главата на секој од дванаесетте апостоли по што тие добиле дарба да зборуваат на сите светски јазици и да го проповедаат Евангелието. Јазикот е опредметување на човековиот дух, негова музика во која тоновите и шумовите се вообличуваат во низи и притоа создаваат нови зборови. Духов – ден. Ден на духот.

* * *

Нунка. Жена која помага при породувањето на децата, но и жена која најчесто ги крштева истите деца, им дава имиња. Таа, која давала имиња на безброј други, самата останала без име. Таа не е онаа која обично ја нарекуваме „бабица“. Нунката е еден вид колективна мајка на целото село, женски принцип, неусловена љубов, неписмен поет кој ги создава зборовите-имиња. О, обезимена мајко! Го пишувам твоето име: нунка.

* * *

Не е тоа работилницата на (од родот на боговите) Хефест; ниту се слуша тежок звук од чекан кој го создава совршенството. Ама, сепак е работилница со работници кои се невидливи. Излиеното и вжештено железо – Јазик си наоѓа свој, калап по чудни закони: оддалечените зборови се привлекуваат еден со друг давајќи ново чудо: земјо – трес. Едно „о“ кое ги составило Земјата-мајка и незгодниот извик – трес. Трес-Земјо. Земјо-трес.

* * *

Го создаваш од земна прав, од кал; го месиш според мените на Времето. Ставаш троа вода и смесата се тркала, се витка; се кикоти со смеата на предците и ги повикува нивните сенки како стражари пред оваа чудна игра на оживување на слоговите. Неверојатно, купчето е час кула, час куќарка, сега е облак, а потем сонце. Најпосле, ете, Зборот е тука – своеглав и грешен како тебе. Стои како нем обвинител над твојата глава.

* * *

Водо на бескрајот, говору човечки, ги шириш своите притоки и утоки, со тресок ги течеш своите водопади, бура си која ги прегрнува своите грмотевици, неспокој на ова тело пред кое зјае ништожното небитие. Експлозијо и имплозијо, војно населена во воздухот, те изустувам глас по глас како бебе-годиначе, те учам од глава до петици и потоа те распоредувам во мене, низ мене, преку мене – до Другиот!

* * *

Остатоци од туѓи животи, ископини. Археолошкиот локалитет „Свети Петнаесет маченици“, веднаш до истоимената црква. Костури, по некој прстен или бакарна паричка, парчиња од вази, шарени мозаици со коцкасти каменчиња... И, кога се чини дека времето запрело или дека барем се придвижило назад, и дека собитијата дамнешни се овде, на просцениумот на сегашноста – останува молкот. Треба да се откопаат и зборовите!

* * *

Лондонското око е огромен џиновски тобоган – мрежеста вртелешка која ги врти посетителите во круг (од долу нагоре и од горе надолу) надвисната над водите на Темза, веднаш спроти британскиот парламент. Левото уво е рид над Струмица, веднаш спроти познатите Цареви кули. И, што? Каква е врската меѓу нив? Никаква, можеби, но, сепак – не: и Окото и Увото се делови од човечкото тело. Метафоричноста на јазикот. Ние самите сме мера на нештата – и кога стоиме и кога се вртиме во круг. Така ни е подобро. Ете.

* * *

Чујпетел. Микротопоним. Ниви на југ од селото Дукатино, но и ниви западно од селото Радичево. Сложенка. Именувањето како изнаоѓање универзални аналогии, севозможни мистични врски помеѓу појавите. Местото каде што се ора и копа земјата, се собира плодот (нивата) – како место каде пеењето на петелот (звукот) станува суштина за себе, име. Озвучување на просторот.

* * *

По сè личеше на некоја чудна буква од азбука на непознат јазик. Пишувајќи те, во исто време те откривав оти ти не знаеше за моето постоење и зборот љубов го изговораше наопаку. Имаше денови кога бегаше од својата азбука како од затвор, а јас те пишував мислејќи дека те заградувам во сенката од прстите, за да не ми побегнеш. Ја игравме играта на прогонител и прогонуван: меѓу нас протекуваше растојание како течен правопис.

* * *

Те прибрав од патот: растегната, осамена, болна, со едно чудо болести и болештини; долга, многу долга, предолга реченица, со офтики, кашлици, дамла, бодеж, абраш, срцебиење, сафра; ти ја сторив безличноста во куќа, моја куќа, недовршена куќа на ветрот, мала.

* * *

Тоа си ти, пријателке моја. Минорна минорност, парталаво парче кое го ставаат на крајот од учебниците по граматика. Партикуло. Честицо. Несакано чедо со две имиња, неизбежна поткрепо во мигови на пелтечење и збунетост. Да, да, тоа си ти – онаа златна срцевина која ја криеме меѓу „важните“ зборови. И, вака, подзаскриена, железна паричка меѓу хартиени банкноти, ти сепак не се лутиш. И среќна си. Нека.

* * *

Ти беше обична запирка, сиромашна и оставена во белината како црно парче јаглен оставено на главата на зимски Снешко, црно око над неговиот шилест нос. А, можеби, беше и запрен здив кога под нашите нозе се отвора пределот како бездна во која, од страв, само подѕирнуваме мижејќи со очите. Вака или онака, ти беше камен за сопнување во мојата улица. Те избришав со бела гумичка и те ставив во џебот. За некоја идна реченица.

* * *

Точко, тркалезно тркало, попатна станицо за одмор, тешко ѓуле истрелано врз непријателските ровови. Во себе ја собираш белината на просторот, преку себе, како преку индиго, го отпечатуваш времето. Еден внатрешен глас те уми (нашиот нем глас!), ти ги одредува годишните времиња, ти ги озвучува приливите и одливите, ти го обележува стоењето. Црна интерпункцијо, Точко, завршок си и крај – ете и сега, ете и овде.

*ПРЕД-СЛИКА*

* * *

Еј, музо, Калиопо верна! Тешко е, знам, да се чујат сите молби што доаѓаат оздола, од нас смртните, расфрлани отпадоци по улиците на земјата Безименија. Го носиме, сестро, животот како стари и износени фармерки; ги прицврстуваме покривите на сопствените желби, го кастриме троскотот во дворовите, ја косиме тревата и ја уредуваме геометријата на нашите души. Прозборувај ни понекогаш, друшке, насликај ни ја сеприсутноста!

*СЛИКИ*

* * *

Околу Велес краткотраен дожд. Некаде кај Штип познатите голи ридови – молитва упатена до небото! На левата страна од патот, на импровизирани тезги: лубеници, ситни жолти дињи, презреани цреши и, мажи, жени и деца – служители на Дионис – кои ја продаваат пролетта на умирање. Во Владевци, ситен и крупен добиток, скриен под сенките од сонцето. Слики без зборови и зборови без слики, патување од мене до тебе – ДИШЕЊЕ!

* * *

Телеграфија на дождот. Упорни, ѕвонливи знаци кои ја раскажуваат историјата на небото. Стуткани во сопчето-скривалиште ги одгатнуваме тајните пораки упатени на земјата, звучните вокали и шумните согласки, прекорите и пофалбите, блицот на молњите и обрушувањето на грмотевиците. Под прозорчето – око на светот – расте болното зеленило на раното лето. Се огледуваме долго во уличните водени барички. Со сонливи лица!

* * *

Невестата е ситна како верверица, со темен тен – поцрнета од сонцето или природно црна. Излегува со поднаведени тело и глава од ниската куќарка по чии ѕидови висат исушени пиперки, од еден крај до друг, како лампиони. Момчето сè уште не е дојдено и оттука возбуденост во дворот: биволите ги мрдаат главите, живината потскокнува, женичките блескаат од радост. Горе Беласица како природна рамка на свадбениот пејзаж. Сина.

* * *

Трудна кучка со надуен стомак ги пречекува случајните намерници но и посетителите, се умилкува превртувајќи се на мазните плочи, мал Кербер кој го чува влезот во пештерската црква „Св. Атанасиј“ во Струга. Монашки ќелии издлабени во каменот, две долу и една горе, на катот, простори римувани со темнината и тишината, невидливи стапалки на некогашните машки пустиножители, темјан, дрвени скали како мост кон небото!

* * *

Средовечен ќелав рибар стои на крајот од долгата дрвена платформа која е издадена педесетина метри во езерото. Се подигнува на врвот од прстите, како да гледа нешто отаде водата, во пресекот на светлините и ридовите, онаму каде што никнат селските куќички. Двајца капачи со езерски трски во рацете, веднаш спроти него, бркаат ситни риби на песочното дно, нурнуваат и исфрлаат вода од устите. Свети часови на безвременост!

(*Според „Животот на капачите“*
*на Паул Кле, од 1919 г.*)

* * *

Имаше во неа некоја блага сериозност која ме привлече – наспроти извештачената и претерана веселост на другите. И тогаш почнав да ја пишувам оваа приказна која започнуваше од замаглениот прозорец на автобусот на кој таа ја имаше потпрено главата, а завршуваше на рампата на животот, каде, сите ние, без исклучок, ги плаќаме своите долгови. Приказната ја врамив во сопствениот собен прозорец. И ги спуштив ролетните.

* * *

Оса која се прилепила до стаклото внатре во месарницата и брмчи, брмчи – се обидува да го продупчи излогот кој ја затворил во нејзината немоќ. И месарскиот чирак, вито момче со лице на дете, брмчи, брмчи: „Телешкото месо е најдобро за манџа, многумина тоа не го знаат, тоа е најхранливо, а меленото треба убаво да се одмрзне пред пржење, колбасите, пак, се...“ Ја слушаш, сепак, осата: таа зборува за слободата!

* * *

Пријателката ти е тука, одамна невидена, иселена таму некаде на север – Норвешка, Шведска – си заборавил веќе каде, избледеле линиите на сеќавањето. Таа е, сосема сигурно, таа е, во затегнат фустан во кашмир боја, со лице на кајсија, пуши, небрежно ја порамнува косата, на нејзините нозе светкаат нови сандали. Нова е, а сепак стара: нејзините зборови повторно ги вагаат неправдите на светот. Вечните и пусти неправди!

* * *

Добре дојде, Понеделнику! Повторно делење на среќите и несреќите и на уште нешто преку седумдневниот шпил карти. Влези, Понеделнику, делничен лебу, вешт играчу со прсти од злато – ова е и твој ден, додека минутите и часовите се струполуваат како тешки часовници врз нашите глави. Распостелуваме зелена чоена маса меѓу стрелките на утрото и вечерта. И столови од таги. Дели, Понеделнику! Да играме повторно од почеток – сега!

* * *

Нечие присуство виси во воздухот. Знаеш по накршениот таван, по виљушките кои ти паѓаат од рацете. Можно ли е тоа да е само есента која, штотуку пристигната, ја поттура тежината во просторот? Или се тоа заборавени предци кои, невидливи, сакаат да ја вкусат вечерата? Отвори ја вратата, пушти го внатре присуството кое ти виси на слепоочниците. Дури тогаш ќе можеш да го видиш таинството: црно или бело, надвор од зборовите!

* * *

Небото се кине на парчиња! Неверојатна катастрофа за која никој претходно не извести. Но, чудно: тоа се случува речиси бесшумно, небаре сронување на песочна кула. Насобраните грабаат парчиња небо и бегаат (каде? каде? сè е во темнина!). Повеќето, сепак, итаат кон своите домови за да го скријат скапоцениот сувенир. Со парче синевина влегувам дома. Нешто ми кажува дека следниот настан ќе биде нашето добивање крилја.

* * *

Со секој изминат ден нашето живеалиште сè повеќе се поместува угоре, по калливиот макадам, во правец на ридовите. Зафатени со решавање на светските проблеми – никако да го забележиме тоа: за нас природните закони сè уште важат, и ние сме господари на ситуацијата. Еден ден брезови гранки ќе жолтеат врз спростремените алишта; неканет поток ќе протекува меѓу ногарките на масата, а еден одомаќен був ќе зборува со човечки глас. Но, засега ни е добро во сегашноста.

* * *

Влегувам во твојот портрет со гладно срце и куп молчења стуткани зад печката. Во него може да се влезе лесно, но излегувањето е сопствено исцртување, линија по линија, боја врз боја, од овде до некаде. Влегувам во твојот портрет со вдишување и издишување, како небесна камбана, златен звук кој истекува низ ракавите. Го собирам твојот лик како лебни трошки, за црни денови, кога ќе бидеме повеќе птици а помалку луѓе.

* * *

Пределот е заграден со коприви и личи на рамна тепсија. Секое утро го набљудуваме топењето на планинските глечери кои, потоа, како брзи води доаѓаат до нашите нозе и ги скокоткаат. Под стар даб, крај одамна згаснато огниште, тројца овчари дуваат во необично долги шупелки: идила. На јазикот носиме, залепени, поништени авионски билети. (Од каде? Зошто? Како се нашле тука? Не знаеме.) Заштитени сме на некој чуден начин: ова е прататковина од која, бездруго, не може да се излезе надвор.

* * *

„Триумф и слава на светите маченици Хермолај, Пантелејмон, Хермип и Хермократ“. Оштетена фреска од Баптистериумот на епископската базилика во Стоби од четвртиот век. Она што порано било еден единствен знак – апотеоза на величието – сега станало купче фрагменти: половина око, половина нос, половина лице. Шумот на времето. Продирање на ентропијата. Широко отворени очи на светците. Зачудени. Плач меѓу пукнатината на вековите!

* * *

Негорци. Мало селце неколку километри северно од Гевгелија. Полегнати куќи, долги огради, небаре скаменети змии запрени во своето ползење; продавнички, празни фудбалски и кошаркарски игралишта (недела е!), стуткани грмушки крај патот; неколку високи тополи на ширината како неприродна асиметрија на целокупната ниска на селото-кутиче. И рамнина, рамнина... трева. Нема гори и ридови (НЕ – ГОР/Ц/И). Географија на маленкоста!

* * *

Стрмец. Ветер во Охридско. Доаѓа некаде одзади замаглените ридови, се тркала по езерото мрешкајќи ја неговата површина, се искачува угоре, струи по скалестите седишта на античкиот амфитеатар, ги лула боровите над него, а оттаму, засилен, морничаво свеж, се искачува кон црквата „Св. Богородица Перивлепта“, на врвот на височинката, заплеткан во ореовите лисја, допрен до лицата на св. Климент и Наум. Живот во вертикала!

* * *

Тракајна. Сосема мала река на само неколку километри јужно од Струмица. Речиси пресушената вода го огледува пепелавото небо во себе. Меѓу купот расфрлани речни камења (вистинска костурница на камењакостури!) ретка детелина која проѕирнува кон висините. Реката со ономатопејско име (трак-трак-трак) од вечно движење се престорила во трајно мирување. Точка на спокојот. Заѕидана водена самовила.

* * *

Улица како одмотана лента од тоалетна хартија, притеснета од булеварските згради од обете страни, развревена, а во неа низа тезги една до друга – како бели печурки покрај патот. Чешели, чевли, четки за заби, прибори за бричење, апчиња за главоболка, ориентални чергичиња, ученички тетратки и моливи – цела минијатурна вселена се населила овде, во крвотокот на градот. Чудна вселена управувана од скриениот Бог – старата продавачка под сенка.

Јасна Котеска

**Великодушност на голем мајстор**

Пред нас е збирката куса проза од Ацо Гогов *Географија на маленкоста*. Секако, маленкоста од насловот, стои тука во улога на некаква небаре авторска амајлија против урокот што од препознаената величенственост на толкуваниот свет, што од исто толку препознаениот сопствен талент, очигледен пред сè, во неколкуте маестрално изведени вињети (оти тој што знае да ги фаќа траекториите на светот, знае бездруго да ги препознае и во себеси). Лесно е да се пишува во скрибомански напади, со многу реторика и украси, тешко е да се биде кондензиран, одмерен а бестрашен; а, некои од овие куси парчиња на Гогов, се ретки примери во македонската проза како да се изведе тој тежок а величенствен зафат.

Во вињетите со поетички, Кратиловски прашања (насловени како Слова), Гогов нуди јазични нијанси за сладокусците, понекогаш блиски до поетската традиција, понекогаш со очудувачки зрелости; но, обратно, во вињетите насловени како Слики, претставувачката способност на Гогов е толку силна, со толку едноставни а сепак негруби потези, што тие се моите омилени.

Светот од тие вињети е фатен во својата едноставност, во „географијата“ на предметите, должините, дребностите, амплитудите, позициите, потоа идејата на Гогов пушта корен, па идејата расте со тивка но брза страст, за, на крајот, нараснатата сила да го преобликува или соголи светот што го толкува до едноставна а онтолошка, понекогаш дури и метафизичка вистина.

И, во сето тоа, Гогов има великодушност на голем мајстор кој дозволува да изостанат ситните сврзници, затоа што големата проза се препознава точно во таа бестрашност кога знаеш дека не мора да ги отсвириш сите периоди од некоја мелодија за таа да биде разбрана. Кај Гогов има многу проникливост и наслада, но најважно – сосема свежа крв и концентрација за подзаспаната македонска литература.

Никола Маџиров

**Разговор со пред-зборовите и зборовите**

* * *

Повлекувањето линија врз белата хартија е првичното испишување на хоризонтот кој го дели зборот од затишјето, а знакот од заборавот. „Треба да се откопаат и зборовите!“, вели Ацо Гогов за археолошкиот локалитет од кој се откопуваат прстени, бакарни парички, парчиња од вази, шарени мозаици со коцкасти каменчиња... Потем ќе треба да се изгради музеј на изговореното, а никогаш запишаното.

* * *

„Зборот е тука – своеглав и грешен како тебе.“ Кога некој е силно преплашен, го губи говорот, ги заборава зборовите, му се одзема силата на гласот. Може ли и молкот да биде грешен? Може ли монахот со завет на молчење да благослови? Ти, читателу, што ја држиш оваа книга, го знаеш тоа додека со молк поминуваш низ буквите на т(р)ајноста, низ ова тивко „озвучување на просторот“.

* * *

Треба да се постои пред постоењето на зборот, за да може тој збор да се изговори. На почетокот бил молкот, внатрешниот говор. Празнината, белината и тишината се зачеток на невиниот разговор со надворешноста и извесноста, со

сето она што веќе не е празно, бело и стишено. Раѓањето на зборот од потребата за именување е она што ги вдомува појавите и просторите во куќата на познатото и сигурното. Ацо Гогов пишувајќи за нунката, вели: „Таа, која давала имиња на безброј други, самата останала без име.“ Така било уште пред тоа да се запише: оној кој именува, ќе остане безимен; оној кој пишува, ќе биде заборавен од зборовите.

**Разговор со пред-сликите и сликите**

* * *

Можат ли воздухот и Бог, сеприсутните нешта, да бидат насликани? Авторот ја моли музата Калиопа да ја наслика сеприсутноста, зашто буден е и мудро помирен дека со секоја издишка ја губиме безвременоста. „Се огледуваме долго во уличните водени barички“, сè додека и нашето лице не испари со нив и така станеме сеприсутни во воздухот.

* * *

Сликите на местата, на сите познати простори низ кои патуваме осамени, стануваат простории во кое се населуваме пред да заспиеме. Секојдневно се разделуваме од сведнатите сончогледи, од тросkotот, од осамените штркови, од бензинските станици, од редиците куќи, од пресушените рекички, од купот облаци на крајот од денот... Се разделуваме сликајќи ги со зборови, можеби со истите оние кои секој ден ги повторува старата улична продавачка под сенка.

* * *

„Приказната ја врамив во сопствениот собен прозорец. И ги спуштив ролетните.“ Така завршуваат приказните – без слика, светлина, без зборови што ќе се измолкнат низ дупчињата на ролетните. Секое слово е слика, а секоја слика е рамка за сеќавање.

## Разговор со географијата на маленкоста

* * *

Кварталната цикличност во структурната поставеност на првата книга на Ацо Гогов *Географија на маленкоста* го открива примордијалниот нагон на човекот за обновливост и бесконечност – како четирите годишни времиња или четирите страни на светот – тоа временско и просторно заокружување на свесноста за себе и трагите зад себе. Авторот тивко ни кажува дека и малите нешта можат да бидат грижливо распоредени во широкиот простор на нашата маленкост и менливост.

„Буквите на денот се пред мене, трајни и непроменливи.“ Се менува само тој што запишува. И оној што чита. Ти, читателу, кој го претвораш молкот од оваа скапоцена книга во прва мисла.

# СОДРЖИНА

Пред-слово ........................................................................ 5
Слова ........................................................................ 9
Пред-слика ........................................................................ 31
Слики ........................................................................ 35
Рецензии ........................................................................ 57

Благодарност до:

Центар за одржлив развој „Порта“ - Струмица

Општина Струмица